НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година III
број 30
29 Јуни
2007 год.



ВО ФОКУС

## Јунски активности на и за пензионерите

Во текот на овој месец продолжија средбите на раководството на СЗПМ со одделни фактори во државата во врска со Солидарниот фонд поради најавата со парите на пензионерите во иднина да управува Фондот на ПИОМ. Во врска со ова претседтелот Душко Шурбановски разговараше со Стојан Андов, пратеник и лидер на Либералната партија,како и со неговиот колега од Либерално демократската партија Јован Манасиевски, претседател на собраниската комисија за труд и социјална политика, а се најавени средби и со Силвана Бонева, Јане Макрадули и Тито Петковски.



Регионални спортски натпревари

Се одржа и седница на Социјално-економскиот совет на која претставниците на Владата, Синдикатот и работодавците на Стопанската комора на Македонија расправаа по предлог законот, а благодарејќи на ССМ се прифати заложбата на СЗПМ Владата на Република Македонија да одлучи дали и со кои одредби ќе го даде на собраниска процедура предлогот на ресорниот министер. Уште еднаш се потенцираше прашањето на неуставноста со сопствените пари на пензионерите да ракува Фондот на ПИОМ. Се смета дека предложениот режим може да се прифати единствено ако Фондот на ПИОМ од државниот буџет обезбеди средства за закоп на околу 12 илјади пензионери годишно. Во тој случај износот од 1.440 денари што годишно за оваа намена доброволно се одвојуваат од секој корисник на пензија, ќе можат да се користат за купување лекови и други потреби. **На тој начин успешно ќе може да се следи и примерот на Европаската унија која ќе донира над една милијарда евра за посреќни и подостоинствени денови на лицата во третата возраст. Како што е соопштено овие средства Европската комисија ќе ги донира за потребите на Планот „Достојно остарување во услови на информатичкото општество", а целта е да се подобри животот на повозрасните луѓе во нивните домови, на работното место и во општеството во целост и да водат понезависен живот.** Според демографските прогнози во 2020 година над 25 отсто од населението на Европската унија ќе биде со над 65 години и се смета дека расходите за пензии, за здравствено осигурување и за нега на стари лица ќе се зголемат од четири до осум отсто во бруто домашнот производ на земјите во Европската унија, а до 2050 година за трипати.

Познато е дека врз основа на позитивноста во остварените приходи и расходи во првото полугодие од 2007 година Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија до крајот на годината од државниот буџет ќе повлече помалку средства во износ од 390,77 милиони денари, а пензиите и натаму ќе се исплаќаат во утврдените рокови. На јунската седница Управниот одбор на Фондот на ПИОМ донесе и одлука за организирано користење на домовите за одмор и рекреација на корисниците на пензија, така што за Банско пансионската цена изнесува 500 денари, а за Катлановска Бања и Претор 450 денари.



Во овој месец се одржаа и годинашниве Регионални пензионерски натпреври во осум региони на кои учествуваа 42 здруженија на пензионери со непосредно учество на 1.291 спортист од кои 790 во машка и 501 во женска конкуренција. При тоа за учество во девет дисциплини на 12 Републички пензионерки натпревари што ќе се одржат на 15 септември кај Велешкото Езеро се квалификуваа 356 натпреварувачи.

Со учество на 850 пензионерки и пензионери од повеќе градови во нашата земја на 17 јуни во организација на Здружението на пензионерите од Кавадарци се одржа традиционалната средба. Кај спомен паркот на 12 стрелани младинци во Ваташа пензионерите положија свежо цвеќе и присуствуваа на историски час, а општото пензионерско дружење се одржа кај Мокришкиот манастир.

На 22 јуни во древниот Охрид се одржа и првата годишна фолклорна ревија на која настапија околу 200 фолклористи, ансамбли, пејачки групи и соло изведувачи од Здруженијата на пензионерите од Прилеп, Охрид, Кичево и Крушево и гости од Стара Загора-Република Бугарија. Воедно во Охрид се одржаа и 24-ти културни пензионерски средби од југозападниот регион на Републиката.

На 29 јуни во Центарот на културата во Куманово на Фолклорната ревија на песни, музика и игри се очекува да учествуваат скопските Здруженија на пензионерите „Гази Баба", „Кисела Вода", „Центар", „Ѓорче Петров" и „Чаир", како и Куманово, Тетово, Гостивар и Кратово.

На 6 јули во Домот на културата во Валандово на фолклорната ревија ќе учествуваат Здруженијата на пензионрите од Богданци, Велес, Гевгелија, Неготино, Валандово и Кавадарци, а во септември во Штип, покрај домакините ќе учествуваат Здруженијата на пензионерите од Струмица, Кочани, Пробиштип, Берово, Делчево, Радовиш, Свети Николе, Виница, Ново Село и Лозово.

**Д. Аргировски**

Пензионерски актуелности во ЗП „Кисела Вода"

## Трибина,средби и соработка

Во организација на Здружението на пензионерите "Кисела Вода" во Скопје во големата сала на Собранието на општината се одржа јавна трибина на тема "Актуелните состојби во пензионерската организација, неповолната материјална положба, социјалната сигурност и нискиот животен стандард на пензионерите".

Во присуство на голем број пензионери уводни излагања имаа **Борис Јосифовски, д-р Никола Стојановски и Владо Симовски**, а во дискусијата пензионерите изнесоа повеќе актуелни прашања и согледувања од оваа проблематика, посебно дека од вкупно 276.000 пензионери во нашата земја околу 50% примаат пензија до 6.000 денари, што е недоволно за нивната егзистенција.


Фото: Томе Манов

Посебно беше потенциран проблемот со усогласувањето на пензиите со платите на вработените и со зголемените животни трошоци,за што, како што истакна **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, се поднесени иницијативи до Собранието на Република Македонија за измени и дополнувања на Законот што ја регулира оваа проблематика. Беше потенцирано дека социјалната сигурност на пензионерите е загрозена и со нередовното снабдување со лекови од позитивната листа, со издатоци за лечење, со недостиг на сместувачки капацитети во Домовите на пензионерите и слично.

Поради сето тоа Здружението на пензионерите "Кисела Вода" се повеќе својата активност ја насочува кон соработка со локалната самоуправа, бидејќи во процесот на децентрализација локалната власт од општините Кисела Вода, Аеродром, Сопиште, Зелениково и Студеничани треба да води поголема грижа за пензионерите и старите лица.Во врска со ова се одржани средби со градоначалниците на општина Кисела Вода ** Џорџе Арсов** и на новата општина Аеродром **Кирил Тодоровски**, при што посебно внимание се посвети на создавање просторни услови за работа на ограноците и за Клубови на пензионери. Беше истакната и потребата од организирање заеднички активности на невладини организации на општинско ниво по прашања за граѓански права, за едукации и заеднички прослави, хуманитарни акции и друго.

За сето ова стана збор и на средбата на делегацијата на Градскиот сојуз на Сојузот на здруженија на пензионери со градоначалникот на град Скопје **Трифун Костовски**. Познато е дека во Скопје живеат 76.200 пензионери, организирани во седум здруженија. Како посебен проблем беше посочен недостигот на простории за работа на ограноците и на пензиинерите,за што посебно се осврна **Димитрија Богатиноски**, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите"Кисела Вода" со замолница градоначалникот да влијае на локалните самоуправи во општините за решавање на овој проблем.



На средбата беше укажано и на големата потреба од изградба на два нови домови на пензионери во Скопје. При тоа е неопходно да зајакне соработката помеѓу локалната самоуправа и пензионерските здруженија за решавање на секојдневните проблеми на пензионерите.

Кога сме кај соработката со локалната самоуправа треба да се истакне и тоа дека е потребно повеќе да се користат искуствата и знаењата на постарите генерации за развојот на локалната заедница,бидејќи пензионерите со своето животно искуство се драгоценост за секоја општина. Со други зборови секоја општина треба да ги почитува резултатите, трудот и енергијата на постарите генерации,барајќи решенија за сите отворени прашања на пензионерското живеење и делување. Посебно треба да се помогне во изнаоѓање простории за Клубови на пензионери,кои се места каде што тие го минуваат најголемиот дел од денот, во меѓусобно дружење и информирање, се договараат екскурзии, културни и спортски активности, со што пензионрите не само што се релаксираат, туку во таков амбиент заборават на секојдневните проблеми и на годините кои натежнуваат.

Здружението на пензионерите "Кисела Вода" соработува со Црвен крст и другите невладини организации,со скопските и други здруженија на пензионери, а особено со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Членот на Извршниот одбор на СЗПМ **Доне Тодоровски**, активно учествува на сите седници на кои се расправа за значајни прашања од дејствувањето на пензионерската асоцијација, а заедно со членот на Собранието **Милорад Ристоски** учествува и во дебата на собраниските седници на СЗПМ. Патем речено на втората седница на Собранието на СЗПМ, беше усвоена Ориентационата програма за работа на организацијата во период 2007 до 2010 година. За прашањето на Солидарниот фонд се одржа и состанок со сите претседатели на здруженија на пензионерите од нашата земја, на која со пригодна дискусија учествуваше и претседателот на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите "Кисела Вода" Димитрија Богатиноски,заложувајќи се со средствата на овој фонд како законско право и натаму да располагаат пензионерите.

**Д. Арг.**

Пробиштип

## Членовите на КУД „Весели пензионери"со 3 награди од Долнени

На вториот ден на 33-от фестивал на изворни песни и инструменти, во Долнени и Прилеп, меѓу 29-те фолклорни ансамбли-групи, солисти и инструменталисти, настапија и членовите на КУД "Весели пензионери". Со својот претпознатлив стил, негување на изворни песни и ора и инструменти и годинава го свртеа вниманието на посетителите во салата на Домот на културата "Марко Цепенков". Нивниот настап не остана незабележан ниту од страната на жири комисијата. Од Долнение се вратија со три освоени награди и тоа за најуспешна соло изведба на изворна песна од Ѓорѓи Гочев, најуспешна соло изведба на гајда за Владо Трајановски и најуспешен раководител, истражувач, негувач и презентер преку членовите на изворниот фолклор на Милевка Здравковска.



V пензионерска ревија на песни , музика и игри во Охрид

# Убави песни и добра музика



Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 22 јуни во Охрид се одржа првиот дел од годинашниве пети по ред пензионерски ревии на песни, музика и игри. И покрај пеколното време импресивно делуваше полната сала на Домот на културата „Глигор Прличев", на чија сцена бурно поздравени од присутните пензионери и гости се претставија пејачки групи и музичари од Здруженијата на пензионерите од Прилеп, Кичево, Крушево и домакинот Охрид, како и од Стара Загора-Република Бугарија.



Отворајќи ја оваа значајна културна манифестација претседателот на Здружението на пензионерите на Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески** истакна дека културните различности на етникумите што живеат на овие простори се богаство што треба да се почитува,запознава и негува, а фолклорната ревија е културна мисија за зближување и развивање на пријателството меѓу пензионерите учесници од различни краишта на нашата држава и соседството.

Градоначалникот на Охрид **Александар Петрески** изрази посебно задоволство од престојот на пензионерите во македонскиот туристички и културен центар, бидејќи тие со својот ентузијазам и однос кон традициите на сите даваат дополнителен мотив и поттик дека човекот во секој период може да биде активен, доколку тоа го прави со љубов.



Душко Шурбановски



Александар Петрески



Ѓорѓи Трпчески



Пригоден поздрав имаше и Иван Чапразов, претседател на пензионерите од Стара Загора, Република Бугарија.

Ревијата за отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, честитајќи го петгодишниот јубилеј на оваа пензионерска културна манифестација со желба и заложба во иднина на овие фолклорни ревии да учествуваат сите здруженија од нашата земја и со концерти почесто да се претставуваат во своите градови и надвор од нив, бидејќи и ние како англичаните можеме да имаме бендови од деведесетгодишњаци кои имаат големи успеси и на официјалните топ листи. Тој истакна дека полека, но сигурно се создаваат и услови за остварување и на идејата за Балкански фолклорен фестивал на пензионерите.



Во двочасовната програма најпрвин со неколку песни од прилепскиот крај со традиционален квалитет се престави КУД „Пензионер" од Прилеп, како и соло пејач со „Каде сте македончиња", а потоа и КУД „Пенка Котеска" со изворни и народни песни.

Пријатно изненади пејачката група од Крушево со влашки мелос за прв пат на ревиите, а со изворни песни од Копачијата премиерно се престави и пејачката група од Кичево, додека домакините имаа успешен настап на женската пејачката група „Фросина", како и на Велика Костовска со гајдаџија и на соло пејачот Кирил Мицевски. Со бугарски старогадски мелос настапија пензионерите од Стара Загора.



На крајот на здруженијата, за нивно учество на ревијата, признанија им врачи **Чедо Георгиевски,** секретар на СЗПМ.

Интересно е да се спомене и тоа дека пред почетокот на ревијата околу 200 членови на пејачки групи и ансамбли продефилираа низ главната улица на Охрид,поздравени од граѓаните и туристите.

**Драги Аргировски**



Фото: Драган Скрчески

## Старци формирале музички бенд

Група од 40 лица, сите со над 90 години, чиј збир изнесува 3.000 години, снимија рок-албум само со една цел: на сите да им докажат дека, иако во поодминатите години, сè уште имаат многу да понудат, јавуваат британските медиуми.

- Тие се многу стари, напуштени од семејствата и затворени во старечки домови. Но, тимот британски 90-годишници не се предава. Снимија рок-албум со кој сакаат да им се одмзадат на сите - пренесуваат агенциите.

Старците ги собра документаристот на Би-би-си, Тим Самуелс.

Џоан Бенет, која навлезе во 90-тите, вели дека понудата да учествува на снимањето на овој албум ѝ била првата можност да го напушти својот стан по цели три години.

- Станарот на старечкиот дом, 99-годишниот Винфред Варбартон од Дерби, го опишува снимањето на албумот како "најдобри денови во мојот живот".

Старите луѓе му се одмаздуваат на општеството што ги отфрли - вели Самуелс.

Групата британски пензионери-рокери е поканета да учествува во шоуто на Џеј Лено, заедно со Џорџ Клуни.

За овој најстар бренд на светот, во продукција на Би-би-си, е снимен и документарец.

## Концерт во чест на Свети Кирил и Методиј

По повод празникот на сесловенските просветители браќата Свети Кирил и Методиј мешаниот хор "Пензионерски цветови" при Здружението на пензионери во Штип на концертот организиран по тој повод настапи со дванаесет старогадски песни, а солистите изведоа свои песни. Настап имаше и изворната група "Браќа Веселинови" при ова здружение со четири изворни песни.

Прославата на сесловенските просветители ја збогати и фолклорната група "Чајка" од Руското здружение од Скопје, кое се претстави со сплет руски песни.

Нивната посета беше истовремено возвратна од "Масленица - Прочка" во Скопје, со нивниот специјалитет, палачинки со мед и ореви, а раководството на Здружението на пензионери во Штип го покажа македонското гостољубие со специјалитет на штипска пастрмајлија.

Од концертот останаа задоволни и учесниците и публиката од најмлади до највозрасни. Сите изразија иста желба за повеќе вакви концерти кои за миг оттргнуваат од проблемите, ги разладуваат душите, и ги полнат со убавина и среќа.

**Ц. Спасикова**




## Литературно читање во спомен - куќата на Блаже Конески

Секцијата на жени пензионерки од Прилеп, која работи во состав на Здружението на пензионери од истиот град, покрај многубројните активности што ги обавува по програмата, одлучи од оваа година традиционално во месец мај, во знак на сеќавање на Блаже Конески, во неговата родна куќа музеј во с.Небрегово да одржува литературно читање.

На првата средба што се одржа на 20.05.2007 година пред околу 60 посетители од селото и од градот настапија поетеси од здруженија на пензионерите од Прилеп и Крушево, а во иднина се очекува и учество на Битола, Кавадарци, Демир Хисар и други.



"Тешко" - најквалитетната песна, изрецитирана во почетокот, оди како химна, страдањата на македонскиот народ биле вековни, како што бил вековен и копнежот за слобода, за светла иднина. По краткот осврт на биографијата на Блаже Конески се редеа повеќе песни: "Црквата", "Спомен", "Утро", "Убавите жени", "Песна", "Тајна", "Старата", "Оздравување".

Изборот од поезијата, таа вечна придружничка на Конески, е голем, а за своето научно и литературно дело има добиено многу награди. Блаже Конески е поет, славист, книжевник, историчар, преведувач.

Потоа, Марија Ѓорѓиеска, Ирена Грујоска, Лидија Икономоска, Виолета Амбароска, Вере Божиноска, Марјанка Ристеска - Селчанец и Лилјана Костоска се претставија со свои лични творби.

Благородниот лик на Блаже Конески што немо не посматраше, од сликите и бистата, како да сакаше да ни се заблагодари за нашето присуство, за заедничка средба, за вниманието кон него. Иако денес не е меѓу нас, во нашите срца секогаш ќе има место за таа тивка и вредна личност.

Читањето заврши со "Сончева колона".

Како знак на сеќавање на овој собир, во чест на Блаже Конески, Здружението на пензионери на Прилеп и Секцијата жени пензионерки, учесничките во програмата ги наградија со книги. **П.К.**

